Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА
СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-2684/2
09. 05. 2016
СКОПЈЕ

Врз основа на член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44 и 44/15), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Дизајн Центар - Инженеринг Трајче - ДООЕЛ - Кавадрци се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на депонија за индустриски инертен и неопасен отпад, КО Шивец, Општина Кавадарци.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. 02816** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на депонија за индустриски инертен и неопасен отпад, КО Шивец, Општина Кавадарци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дизајн Центар - Инженеринг Трајче - ДООЕЛ - Кавадрци, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 44/15), поднесе барање до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на депонија за индустриски инертен и неопасен отпад, КО Шивец, Општина Кавадарци.

Согласно член 25, став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 44/15), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на депонија за индустриски инертен и неопасен отпад, КО Шивец, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-2684/1 од 4.04.2016 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на депонија за индустриски инертен и неопасен отпад, КО Шивец, Општина Кавадарци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова **Решение** и одлучи како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР**
**Bashkim Ameti**

Изготвил: Дејан Гаировски

Одобрил: Неби Реџепи